Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-264/7
12-04-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-730/1 од 9.10.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје, против [redacted], за извршена дискриминација врз основа на род и религија или верско уверување во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 7.3.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на род и религија или верско уверување во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-730/1 од 9.10.2023 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на род и религија или верско уредување во областа на пристап до добра и услуги, од страна на [redacted]

Согласно наводите од претставката, на ден 6.10.2023 година, подносителката заедно со две колешки по одржан работен состанок отишле во [redacted] со цел да седнат во локалот. Притоа, на самиот влез на локалот им било посочено дека има приватна забава во истиот и поради тоа нема да бидат услужени. Наведено е дека по заминувањето од кафулето, една од колешките на подносителката исконтактирала со лице од кое добила информација дека ваквото постапување на персоналот на локалот било поради шамијата која ја носела подносителката и дека лицето можело да оствари контакт со цел да бидат примени во ресторанот.

Во продолжение на претставката, подносителката наведува дека во однос на предметниот настан, таа проследила со објава на нејзините социјални мрежи, по што била исконтактирана од страна на неколку девојки и жени кои се пожалиле дека биле дискриминирани од страна на истиот ресторан, на истиот начин како и таа, односно дека ваквото постапување на потенцијалниот дискриминатор било врз основа на веќе воспоставена практика во минатото.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 30 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 17.10.2023 година ги повика двете лица наведени како сведоци во претставката, со цел да дадат изјава како сведоци на настанот, со што би се потврдиле тврдењата за извршена дискриминација на подносителката.

Од страна на сведокот [redacted] беше изјавено дека по настанот, се јавила на пријател преку кој секогаш правела резервации за во [redacted] пренесувајќи

дека не била примена кога пристапила заедно со подносителката [redacted]

Притоа, истакна дека подносителката [redacted] била единствената од трите девојки која носела шамија како религиско обележје. Оттука, од страна на пријателот кој го исконтактирала ѝ било потврдено дека не станувало збор за изолиран случај, туку дека постоеле и повеќе вакви случаи во минатото и дека девојките не се примени поради шамијата која ја носела подносителката на претставката. Дополнително беше истакнато дека пристапувајќи кон влезот на локалот, трите девојки зборувале на албански јазик.

Од страна на сведокот [redacted], беше изјавено дека кога пристапиле кон влезот на локалот, им било кажано дека не може да влезат од причина што имало приватна забава. Следствено, решиле да отидат во друг локал, при што нејзината колешка [redacted] се јавила на нејзин пријател, кога и го почнале разговорот во однос на шамијата која ја носела подносителката на претставката. Дополнително на ова, сведокот наведе дека неколку дена пред настанот, таа била присутна во [redacted] со нејзините родители, при што по неговото напуштање, била сведок на настан каде на две жени кои зборувале турски јазик им бил одбиен пристап во локалот, при што една од нив носела марама како религиско обележје. Оттука, образложува дека ваквото одбивање било врз основа на фактот дека една од жените носела шамија, наведувајќи дека одговорот кои двете жени го добиле бил дека во тој момент нема слободно место, иако било видно спротивното.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 18.10.2023 година испрати Известување бр. 08-730/6 за произнесување по наводите од претставката до кафе барот и ресторан [redacted]. Притоа, со ваквото известување за произнесување, Комисијата го префрли товарот на докажување на страната на потенцијалниот дискриминатор согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Поради фактот што не беше извршена успешна достава на предметното известување за произнесување, и дополнително поради неможноста да се исконтактира и извести потенцијалниот дискриминатор со цел да се произнесе по наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација изврши увид во просториите на кафе барот и ресторан [redacted] а со цел правилно утврдување на фактичката состојба и мериторно одлучување по предметот.

На ден 18.12.2023 година, согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, членката на Комисијата Весна Бендевска изврши непосреден увид во просториите на потенцијалниот дискриминатор, на кој присуствуваше [redacted] Од страна на членката – известител на Комисијата беше образложено вршењето на увидот, при што дополнително ја запозна менаџерката на локалот со содржината на претставката за заштита од дискриминација, постапката која се води пред Комисијата, како и законските надлежности на истата.

Во врска со претходно наведеното, менаџерката на кафе барот и ресторанот истакна дека известувањето за произнесување кое било испратено на [redacted] не пристигнало на нивната адреса, бидејќи субјектот се водел на [redacted]. Притоа, при контакт со сопственикот на локалот, менаџерката изнесе дека точната адреса не е таа која ја навела, туку бул. [redacted]. Дополнително беше наведено дека во меѓувреме настанала промена на сопственоста на локалот, при што во моментот субјектот се води под името [redacted].

Откако истата беше запознаена со наводите од претставката за заштита од дискриминација, менаџерката на локалот наведе дека доколку им било кажано дека има приватна забава, тоа и била причината поради која подносителката и останатите две девојки биле одбиени, при што истакна дека ваквите наводи се беспредметни и дека живееме во двојазична држава. Притоа, менаџерката на [redacted] одби да даде контакт од сопственикот/одговорното лице, податок кој беше побаран со цел Комисијата да може да го извести истиот за постапката за заштита од дискриминација која се води по претставка бр. 08-730/1 и да му овозможи да се произнесе по наводите од истата. Откако Комисијата за спречување и заштита од дискриминација прибави адреса на субјектот против кој беше поднесена претставката за заштита од дискриминација согласно Преглед на даночни обврзници на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, беше испратено второ известување за произнесување бр. 08-264/1 на 21.2.2024 година.

На ден 28.2.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на [redacted] како одговор на претставката. Во истиот целосно се отфрлаат наводите за дискриминација врз основ на род и религија или верско уверување, образложувајќи дека на денот на настанот во објектот имало организирано приватна забава, поради што и не може во даденото време да се примаат надворешни гости. Дополнително беше наведено дека сведоците кои дале исказ во врска со предметниот настан биле гости во локалот и биле примени во минатото и истакнуваат дека секој кој е заинтересиран да направи резервација може да ги контактира преку броевите достапни на нивните социјални мрежи, при што и би бил известен доколку има некоја приватна забава во локалот.

Во прилог на одговорот беше доставена [redacted] со датум на промет 6.10.2023 година и опис: [redacted] при што на фактурата не беше означен датумот на издавање и прием на истата.

Поради недоволни факти и околности во одговорот од [redacted] а со цел правилно утврдување на фактичката состојба и мериторно одлучување по предметот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 1.3.2024 година испрати барање за доставување информации во врска со претставката арх. бр. 08-264/5, со кое го задолжи потенцијалниот дискриминатор дополнително да достави информација во однос на одржувањето на приватната забава, односно на кој датум и во кој период истата била одржана во просторот на ресторанот.

На ден 4.3.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше испратен одговор на предметното барање од страна на [redacted], при што во истиот беше наведено дека приватната забава траела од 12:30 часот до 17 часот.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за извршена дискриминација од страна на [redacted] врз [redacted]

Имено, Комисијата утврди дека во конкретниот случај, [redacted] не овозможиле непречен пристап до услугите кои ги нудат како кафе бар и ресторан, базирајќи го ваквиот пристап врз фактот што подносителката на претставката за заштита од дискриминација носела шамија како религиско обележје. Оттука, Комисијата ги имаше во предвид и изјавите на сведоците кои беа прибавени како докази во прилог на претставката, при што беше утврдено дека ваквата етаблирана практика на кафе барот и ресторанот [redacted] е дискриминаторска и таргетира жени кои ја носат шамијата како религиско обележје.

Имајќи го предвид фактот дека ваквото постапување е врз повеќе дискриминаторски основи кои во конкретниот случај се меѓусебно неразделни, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека е извршена интерсекциска дискриминација врз основ на родот и религијата или верското уверување на подносителката, која согласно член 4 став 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставува:

*„**интерсекциска дискриминација** е секоја дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани".*

Дополнително на ова, ваквата интерсекциска дискриминација претставува потежок облик на дискриминација согласно член 13 од Законот, кој гласи:

*„Како потежок облик на дискриминација, во смисла на овој закон, се смета повеќекратната дискриминација, **интерсекциската дискриминација**, повторената дискриминација и продолжената дискриминација."*

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека преку неовозможување на еднаков пристап до кафе барот и ресторанот, како и до услугите кои [redacted] ги нудат, тие сториле директна дискриминација врз [redacted] согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„ Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди директна интерсекциска дискриминација како потежок облик на дискриминација врз основа на род, религија или верско уверување во областа на пристап до добра и услуги од страна на [redacted] врз [redacted].

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да ја отстрани дискриминацијата на начин што ќе им овозможи пристап до добрата и услугите кои ги нуди на сите граѓани и во иднина да не го ограничува пристапот до кафе барот и ресторанот и врз било која дискриминаторска основа што би можело да доведе до нееднаков пристап и дискриминаторски третман.

Доколку [redacted] не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
12.4.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
-

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk